* Учениците од четврто до деветто одделение ќе следат настава на далечина.

* Наставата преку учење на далечина започнува од 8.00 часот.

* Наставата со учење на далечина ќе се реализира од училниците преку електронска платформа

* По секој наставен час или активност следува одмор од 5 минути.

* наставникот ќе го држи часот паралелно со учениците кои се физичи присутни и со учениците кои следат настава на далечина

* наставникот го снима реализираниот наставен час.

* во наставата редовно се вклучени и учениците со ПОП со целосна поддршка од наставниците и стручните соработници.

11. Вонучилишни активности

11.1. Екскурзии, излети и настава во природа

Поради новонастанатата ситуација односно поради пандемијата со COVID 19, сите вонучилишни активности се ставени во мирување.

12**. Натпревари за учениците**

Освоени Награди во учебната 2020/2021

Наставен предмет	I	II	III	I	II	III	I	II	III	I	II	III	I	II	III
Македонски јаз.	1	2						1	1			1			
Лик.образ.		1					1						1		
Англиски јазик	1	2	1				3	2							
Биологија									1		1	1			
Математика	2							3	1		1	1			
Природни науки				1	1	1	2	3	1	1	4	3			
Вкупно	4	5	1	1	1	1	6	9	4	1	6	6	1	0	0
													ВКУПНО	46	НАГРАДИ

13. Унапредување на мултикултурализмот/интеркултурализмот и меѓуетничка интеграција

Со оглед на моменталната состојба на пандемијата на COVID-19 активностите се реализирани онлајн преку националната платформа.

14. Проекти кои се реализираат во основното училиште

Во учебната 2020/2021 година, проектот „Вештини на адолесценција се реализираше онлајн со учениците од 6то и 7мо одделение. Редовните наставници реализираа активности преку дискусии, презентации и изработки од страна на учениците.
По завршување на активностите беше спроведен завршен тест од страна на организаторите на проектот.
Исходите од реализацијата на овој проект се: стекнати вештини, знаења и умеења за надминување на предизвиците во тинејџерската возраст.
Проектот „Напредна биологија за нашата екологија“ се реализираше со учениците од биолошката секција. Остварената цел од овој проект е проширени знаења кај учениците, стекнати искуства за истражувачка работа и развиена поголрма свест за зачувување на нашата животна средина.

Нашето училиште беше вклучено во проектот „Контроверзни прашања во училишната програма – развивање ефективни практики и пристапи во наставата и учењето“, организиран со дозвола на БРО, од институтот за човекови права.
Во рамкиите на Проектот беше организирана онлајн обука во која беа вклучени педагогот, психологот и дел од наставниот кадар.

15. Поддршка на учениците

15.1. Постигнување на учениците

Во текот на учебната 2020-2021 година учениците во нашето училиште имаат постигнато одличен успех како во наставниот процес така и преку учество на натпревари (онлајн).

Реден број	Предмет	број на ученици	5		4		3		2		1		среден успех
			бр	%	Бр	%	бр	%	бр	%	бр	%	
1	Македонски јаз.	245	216	88.16	29	11.84	0	0.00		0.00	0	0	4.88
2	Англиски јазик	245	229	93.47	12	4.90	4	1.63		0.00	0	0	4.92
3	Математика	245	207	84.49	23	9.39	15	6.12		0.00	0	0	4.78
4	Француски јаз.	105	97	92.38	5	4.76	3	2.86		0.00	0	0	4.90
5	Граѓанско образ.	72	66	91.67	6	8.33		0.00		0.00		0	4.92
6	Лик.образ.	245	245	100.00		0.00		0.00	0	0.00	0	0	5.00
7	Музичко образ.	245	229	93.47	15	6.12	1	0.41	0	0.00	0	0	4.93
8	Физичко образ.	245	245	100.00		0.00	0	0.00	0	0.00	0	0	5.00
9	Биологија	108	95	87.96	13	12.04	0	0.00		0.00	0	0	4.88
10	Географија	156	127	81.41	27	17.31	2	1.28		0.00	0	0	4.80
11	Историја	156	128	82.05	22	14.10	6	3.85		0.00	0	0	4.78
12	Физика	72	65	90.28	5	6.94	2	2.78					4.88
13	Хемија	72	65	90.28	4	5.56	3	4.17					4.86
14	Иновации	40	40	100.00	0	0.00	0	0.00	0	0.00	0	0	5.00
15	Нашата татков.	40	40	100.00	0	0.00	0	0.00	0	0.00	0	0	5.00
16	Информатика	84	74	88.10	10	11.90	0	0.00	0		0		4.88
17	Техничко образ.	137	137	100.00		0.00		0.00					5.00
18	Природни науки	137	129	94.16	8	5.84		0.00					4,85
19	Етика	36	36	100.00	0	0.00	0	0.00	0		0		5.00
20	Клас.култура	48	48	100.00		0.00		0.00					5.00

21	Германски јаз.	51	31	60.78	7	13.73	13	25.49						4.35
22	Спорт	36	36	100.00	0	0.00	0	0.00	0		0			5.00
23	Вештини за жив.	32	31	96.88	1	3.13	0							4.97
24	Општество	89	88	98.88	1									4.99
25	Творештво	51	51	100.00										5.00
26	Компјутери	89	88	98.88	1									4.99
	Вкупно	3081	2843	92.28	189	6.13	49	1.59	0	0.00	0	0		4.91

Наставни предмети VII-IX	Среден успех	Највисок и најнизок успех
Ранг по мајчин /странски јазик		
Македонски јазик	**4,88**	**3**
Англиски јазик	**4,92**	**1**
Француски јазик	**4,90**	**2**
Германски јазик	**4,35**	**4**
Ранг по природни науки		
Физика	**4,88**	**1**
Математика	**4,78**	**4**
Географија	**4,80**	**3**
Хемија	**4,86**	**2**
Биологија	**4,88**	**1**
Информатика	**4,88**	**1**
Ранг по општествени науки		
Историја	**4,78**	**3**
Граѓанско образ.	**4,92**	**2**
Етика	**5,00**	**1**
Иновации	**5,00**	**1**
Ранг по уметничко технички науки		
Ликовно образование	**5,00**	**1**
Музичко образование	**4,93**	**2**

Физичко образование	**5,00**	**1**
Изборни предмети		
Нашата татковина	**5,00**	**1**
Изборен спорт	**5,00**	**1**
Вештини за живеење	**4,97**	**2**

Во текот на учебната 2020-2021година во училиштето се реализирани поставените цели :

детектирање на учениците со послаб успех по предмети и работа со нив преку разни видови работилници за стекнување и подигање на самодовербата , креативноста и активноста на учениците .

15.2. Професионална ориентација на учениците

Тимот за професионална орентација е во состав од психологот и класните раководители од деветто одделение. Преку онлајн презентации и активности, учениците имаа можност да се запознаат со различни професии кои ги побудуваат нивните интереси и желби.

Со професионалното советување ги воочуваат своите желби и можности и добиваат препорака за соодветно училиште според добиените резултати.

15.3. Промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупореба и запуштање, спречување дискриминација

Целта на превентивната програма за заштита од насилство , злоупотреба и запуштање е развивање на вештини за препознавање и ефикасно решавање на конфликтни ситуации кои можат да доведат до насилно однесување. Реализирани се едукативни работилници со ученици, наставници преку проектите во учииштето. Во училиштето постои Протокол за реагирање при посоење на насилство во училиштето.Одговорни лица се тим за насилство и ученик кој че биде избран на состанокот на ученичкиот парламент

16 Оценување

16.1 Видови оценување и календар на оценувањето

Во училиштето оценувањето се спроведува описно и бројчано користеќи ги принципите на формативното и сумативното оценување од I од IX одделение и тоа :
Од I до III описно ;
Од IV до VI описно во тек на цела учебна година , а бројчано на крај година;

Од VII до IX бројчано во текот на цела учебна година. .
За таа цел наставниците водат евидентни листови кои овозможуваат повратна информација за напредокот и развојот на ученикот. Секој наставник води свое портфолио за работата на учениците.
Нашата стратешка активност , училишното планирање на оценувањето ќе се движи кон исполнување на следниве две приоритетни цели.

Формирање на комисии од ученици во процесот на оценување :
Учество на учениците индивидуално и групно на оценување на своите трудови или трудовите на други ученици континуирано во текот на учебната година со што учениците се оспособуваат на примена на дел од принципите за формативно оценување но и на само вреднување и вреднување на друг.

Транспарентност во оценувањето;

- ✓ Зголемување на објективноста;
- ✓ Застапеност на различни видови оценување;
- ✓ Поставување на главна цел;
- ✓ Имплементирање на оценувањето во планирањата на наставниците;
- ✓ Оценувањето да биде во функција на целите;
- ✓ Етичност;
- ✓ Континуираност во оценувањето, но и вклученост на учениците (самооценување);
- ✓ Начини на информирање на родителите и
- ✓ Постојано иновирање на оценувањето согласно пошироката државна политика за развој на образованието.

Во текот на учебната година по потреба се формира комисија за повторна проверка на знаењето на учениците соодветна по предмети.

16.2. Тим за следење, анализа и поддршка

Членови на тимот за следење и проверка на оценувањето се директорот, стручна служба и наставици кои се вклучуваат по потреба. При доставена жалба од родител по добиена оценка, се состанува тимот и постапува по процедува. Во континуитет се врши увид во начинот на оценувањето , а вооедно се реализираат консултативни средби за поддршка на наставниците. Транспарентно на сите совети се дискутира за стратегиите и критериумите по кои се оценуваат учениците во насока на споделување на добри практики.

16.3. Стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работатана воспитно-образовниот кадар

Стручниот тим реализираше онлајн посети на часови за учениците од 4 до 9 одд, а учениците од 1 до 3 одд беа посетувани во училница придржувајќи се до протоколите. При посетите се користеа образци за следење на наставен час и редовно следа консултативни средби со предлози и сугестиии во насока на унапредување на воспитно- образовната работа.

16.4. Самоевалуација на училиштето

Лидерите на седумте подрачја сочинуваат тим на Самаоевалуација на училиштето. Истите одржуваа состаноци за кои водат записници со транспарентно наведување на активностите и дилемите во соработка со стручната служба.Во зависност од плановите се спроведоа анкети за наставници,ученици и родители за утврдување на квалитетот на работата во училиштето. учебна година 2020/2021година ,месец јуни се изготви самоевалуацијата за работата на училиштето во период од 2018 до 2020 година и по изготвување на извештајот беше избран новиот тим за самоевалуација за наредните две години, во состав:

Жанета Павловска, Гордана Георгиевска, Александра Чочевска, Велимир Новески, Маја Кузмановска, Радмила Петровиќ – Јордановска, Валентина Пешевска, Наташа Пешинска (родител).

17. Безбедност во училиштето

Во нашето училиште донесен е план според кој се раководи, во врска со заштита од опасности и елементарни непогоди. Во рамките на планот се реализираат различни видови на едукациии како:обуки, предавања,вежби и симулации. Во едукацијата се вклучени сите вработени и ученици, со цел да се постигне што е можно подобра едукација за однесување и правилно постапување при појава на некаква опасност или појава на елементарни непогоди. Сето ова се одвива во соработка и добивање на насоки и препораки од страна на надлежните и релевантни институции.

18. Грижа за здравјето

Нашето училиште примарно се грижи за здравјето на нашите ученици и со таа цел тимот на ООУ „Вера Циривири – Трена” подготви активности во текот на учебната година со цел грижа за здравјето на нашите ученици и вработени кои ќе се реализираат на следниот начин:

Стекната е висока свест кај учениците за хигиената, здравата исхрана, да водат сметка за користење на здрава и разновидна храна, навика за редовна хигиена и контрола на заби, превенција и заштита од корона вирусот COVID – 19, опасност од психотропни супстанци, од ХИВ Сида, дрога и алкохол и други зависности, здрави навики како и заштита на својата животна средина поради подобри услови за живот.

Во континуитет сите одделенски и предметни наставници реализираа предавања за лична хигиена и презентации за заштита од COVID 19

19. Училишна клима

19.1. Дисциплина

На дисциплината во училиштето постојано и во континуитет се посветува особено внимание, но оваа година беше надополнето со однапред одредени правила и протоколи кои беа спроведувани од страна на сите вработени, а почитувани и од учениците и од родителите. Исто така, поради тоа што настава со физичко присуство имаа само учениците од прво до трето одделение, секој наставник се грижеше за дисциплината на своето одделение. Имаше ученици кои ја следеа наставата онлајн, па така без разлика на комбинираната настава од прво до трето одделение, непречено се одвиваше целиот воспитно-образовен процес. Дежурствата се реализираа пред почетокот и за време на наставата. Беше организиран почеток на наставата со разлика од 10 минути за секое одделение, со што се зачува редот и дисциплината при влегување и излегување од училиштето. Беа обезбедени 3 влеза за различните возрасти на ученици. Дисциплината во одделенијата беше беспрекорно почитувана од сите учесници. Учениците крајно совесно ги разбраа потребите од таквите постапки. Редот беше одржуван и за време на одморите, а освен наставниците во негово одржување битна алка беше и техничкиот персонал.

19.2. Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето

И покрај тоа што оваа година беа присутни само наставниците и учениците од прво до трето одделение, просторот пред училниците и во холовите беше соодветно осмислен и уреден во зависност од одбележувањето на одредени празници, манифестации, проекти. Оваа учебна година, успешно се спроведе проектот ‘’Еко училница’’под иницијација на општина Карпош. И во услови на пандемија, наставниците, учениците и родителите вложија напор и создадоа простор за настава на отворено, работилници и училишни настани.

19.3 Етички кодекси

Етичкиот кодекс е документ кој е изработен и донесен од тим кој е одговорен за изработката на етичките кодекси во сите сегменти и целни групи во училиштето. Изработен е според извршените анкети меѓу учениците, наставниците и родителите. Оваа година, на одржаните онлајн родителски средби беше посочен надополнет етички кодекс, кој се однесуваше на делот со онлајн наставата, а опфаќаше правила на однесување од страна на сите учесници во истиот. На крајот од учебната година се покажа дека и во овој сегмент во нашето училиште имаше позитивен исход.

Мултикултурализам – Мултикултурализмот е заштитен знак на училиштето. Беа предвидени и заеднички интегрирани часови, прослави на верски, национални празници, но поради продолжување на пандемијата и посебните мерки во образовниот процес ваквите содржини се вметнаа во одредени редовни часови кои тоа го побаруваат.

Односи меѓу сите структури – Меѓусебната комуникација на сите структури во училиштето е на добро ниво. Комуникацијата и соработката секоја година се подобрува и продлабочува, а оваа година поради пандемијата беше пренесена на онлајн платформата ‘’Microsoft Teams’’. Сите настани, било да се од службена или неформална комуникација, се одбележаа заеднички онлајн. Потребата да се остане во заедничка добра комуникација се јави кај сите вработени во училиштето. Соработката беше на доста високо ниво.

Еколошки активности (податоци за вклученоста на 7 - те чекори еко-менаџмент и 4 - те еко-стандарди во текот на учебната година) – И овие активности оваа година беа спроведувани во вид на предавања во склоп на одредени часови, поради неможноста да се организира нешто поинакво.

20. ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ НА НАСТАВНИОТ КАДАР учебна 2020/2021

Целта на професионалниот развој на наставниците е да се подобрат постигањата на учениците преку континуирано осовременување на наставниот процес со нови форми, методи, стратегии и техники, со посебен акцент на активното учество на учениците во процесот на учење и поучување како и континуира подршка за следење и примена на образовните реформи.

Личен професионален развој

Секој наставник е задолжен во рамките на сопствените потреби, интереси и за потребите на училиштето да следи стручна литература, да посетува семинари и обуки. Професионалниот развој на наставникот се евидентира во неговиот педагошки картон и во неговото сопствено професионално досие кое го водат стручните соработници, а во кое имаат увид и директорот и инспекторите од ДПИ.Заради малите материјални средства на училиштето, поради немање листа на лиценцирани обучувачи и нивни доставени програми наставниците не се во можност однапред да планираат обуки кои ги организираат надворешни субјекти., а кои ќе придонесат за подобрување на поквалитетна настава.Најчесто се посетуваат обуки кои ги организираат МОН, БРО, УСАИД, итн .Затоа училиштето врз основа на потребите на наставниците ќе достави барања до сите овие организации за одржување на обуки за кои се заинтересирани наставниците и секоја обука ќе биде евидентирана според Законот за основно образование. Во текот на годината ќе се следат часови одржани од страна на наставниците, одржување на додатна и дополнителна настава, работа на секциите, ќе се направат повеќе проверки по пат на тестови и училишни натпревари на ниво на генерации и по дадени предмети.

Хоризонтално учење

Професионалното стекнато искуство се разменува и споделува со останатите наставници и стручните соработници. Оваа учебна година како и секоја претходна наставниците на ниво на активи ќе разменат искуства во соработка со стручната служба и директорот на училиштето. Наставничката професија во општеството има голема улога и потребата од континуирано професионално усовршување се дел од круцијалното значење за реализација на успешен воспитно – образовен процес.

21. Соработка на основното училиште со родителите/старателите

Училиштето остварува континуирана соработка со семејствата односно со родителите/старателите на учениците.

21.1 Вклученост на родителите/старателите во животот и работата на училиштето:

Семејството беше вкучено за да се зајакне и унапреди дејствувањето на Советот на родители со претходно изработената програма, детектирање на различни состојби во училиштето (дефекти и поправка на инвентарот) кои влијаат на севкупната работа на училиштето, подобрување на условите за работа, донесување на идејни планови за организација на активности, поттикнување на родителите да учествуваат во донесување на решенија и одлуки во интерес на сите субјекти во училиштето и реализација на истите, организирање на распоред за средби со родители и отворен ден за прием на родители. Соработка на родителите и наставниците имаше при реализација на електронска настава со цел олеснување на процесот на учење и совладување на материјата од страна на учениците.

Соработката со родителите се остваруваше преку:

- **Индивидуални средби со родителите** – изготвен распоред за приемен ден на родител/старател (наставник, ден во неделата и час)
- **Групни родителски средби** - одделенскиот раководител ги најавува со покана за родител/старател (датум, време, место)

- **Седници на Совет на родители** - Советот на родители се грижи за подобрување на успехот на учениците и се вклучува во активностите на училиштето за осовременување на наставата и воннаставните активности како и за подобрување на условите за престој и работа во училиштето. Советот на родители се залага за подобрување на дисциплината на учениците, намалување на изостаноците, осовременување на наставата и создавање услови за оптимална реализација на воннставните активности. Во Совет на родители е вклучен родител како претставник од секое одделение. Соработката на Советот на родители со сите структури во училиштето во оваа учебна година ќе биде насочена кон унапредување на реализација на настава од далечина, подобрување на постигнувањата на талентирани, ученици со посебни потреби помош на ученици од ранливи групи и поттикнување на родителите за поголемо вклучување во активностите на училиштето. Советот на родители дава поддршка на училиштето во реализација на приоритетите за работа, реализација на програми за спречување на насилство, злоупотреба и дисктиминација меѓу учениците, унапредување на мултикултурна соработка и создавање оптимални услови за успешен развој на сите ученици. Советот на родители реализира седници редовно во текот на целата учебна година во согласност со потребите на училиштето.
- **Училишен одбор** – Училишниот одбор е активен фактор за креирање на современа настава. Соработката меѓу органот на раководење и органот на управување во училиштето води кон успех и унапредување на дејноста на училиштето.
- **Информативните списанија (брошури)** - родителите ќе се информираат за работењето и постигањата на училиштето.
- **Телефонски, писмени, како и контакти преку користење на одобрените платформи за онлајн соработка**
- **Посета на семејството на ученикот (одделенски раководител, психолог, директор)**

21.2 Вклученост на родителите/старателитево процесот на учење и воннаставните активности:
Соработката со родителите/старателите оваа учебна година се одвиваше исклучиво онлајн, поради пандемијата Ковид-19. За успехот, поведението, дисциплината и редовноста на ученикот, наставникот ги информираше родителите усно, писмено и електронски преку одобрените онлајн платформи од страна на МОН. Сите проблеми во наставниот процес кај учениците беа надминати со успешна соработка меѓу родителите, наставниците и стручната служба во училиштето. Планираните едукативни работилници, советувања, предавања на одредени теми беа реализирани преку платформата Microsoft Teams. Исто така, соопштенијата за родителите и учениците, во врска со одвивањето на наставниот процес, беа официјално објавувани на училишната веб страница.

Училиштето ги вклучува родителите/старателите во реализација на:
- Приоритети на училиштето
- Реализација на наставни часови (родители експерти во одредени области)
- Екскурзии и излети,
- Училишен хепенинг
- Натпревари, приредби, манифестации, промоции.

Родителите/старателите учествуваат во избор на:

- Фирма за производство на ужинка за учениците
- Избор на компании за осигурување, фотографирање
- Организирање екскурзии за учениците
- Реализација на програма за намалување на насилство, злоупотреба и дискриминација во училиштето
- Работилници „Врсничко насилство“
- Вклучување во активностите за професионално информирање и ориентирање на учениците од IX одд.,
- Информирање за учество и постигнати резултати на учениците на натпревари, конкурси, смотри и слично.

Во активностите на училиштето семејството се вклучува со иницијативи за поуспешна приредби, манифестации реализација на слободните и воннаставните ученички активности, натпревари, екскурзии, , промоции и преку активности на „Клубот на родители“. Вклученост на родителите при реализација на електронска настава . Доколку наставата се реализира од далечина (поради пандемија со КОВИД19), комуникацијата со родителите/старателите ќе се реализира преку телефон и со користење на одобрените онлајн платформи.

Во донесувањето на одлуки семејството учествува со давање на идеи, предлози и донесување на одлуки преку Совет на родители, Училишна заедница, Училишниот одбор.

21.3 Едукација на родителите/старателите

Едукацијата на родителите/старателите го опфаќа стандардното планирање и организирање на едукативни работилници, советувања, типизирани предавања и третирања на теми преку соопштенија, флаери, плакети, брошури, како и преку училишната веб страница. Оваа учебна година се реализира **програмата за родителство,** каде целна група се родители на деца од 2-9 години.Исто така едукацијата на семејството вклучува и советодавно-консултативни работилници (индивидуални и групни), посета на семејства и др. Планирани се и низа други активности (советувања, разговори, психоедукација)кои имаат цел едукација на родителите/старателите за современи родителски стилови и вештини за унапредување на родителството, како што се:

- Советувања на родители на ученици кои нередовно посетуваат настава, имаат неуспех во учењето или несоодветно однесување
- Разговори со родители за утврдени кризи и семејни проблеми (социјални, семејства со ризик) и активности за помош со семејствата
- Информирање на родители на ученици со ПОП за состојба и напредок на нивните деца, начин како да ги остварат своите права,
- Разговори и психоедукација на родители за утврдени проблеми и состојби (наоди од социометриски и психометриски алатки, разговори и набљудувања)
- Соработка со родителите во превенција на насилство во училиштето и сперчување закани врз помалите ученици
- Соработка со родителите за намалување на бројот на неоправдани изостаноци во училиштето.

Континуирано родителите усно, електорнски и писмено се известуваат за успех, дисциплина, поведение и редовност на ученикот и во соработка со нив се работи на помош на ученикот за надминување на пројавените проблеми.

Изработка на флаери, брошури за родители: Училиштето изготвува информативни материјали кои се во вид на брошури, информатори, материјали прикачени на училишната веб платформа, во кои се наведуваат информации за планови на училиштето во учебната 2020/21 година, податоци за наставниците и приемните денови, информации за напредокот на учениците, реализирани активности во училиштето и други актуелни прашања.

22. Комуникација со јавноста и промоција на основното училиште

Училиштето континуирано ги користеше сите ресурси обезбедени и понудени од локалната средина за афирмација, промоција и унапредување на дејноста на училиштето.
Училиштето ги искористува можностите на различни институции за унапредување на воспитно-образовната работа.

Локална заедница: Во текот на учебната година училиштето активно учествуваше со свои претставници на најразлични манифестации меѓу кои се и Денот на Општина Карпош, Литературни и ликовни манифестации, Избор на талент и други збиднувања и проекти. Се воспоставува соработка со локалната заедница од типот на различни средби, работилници за меѓуврсничко насилство .

Институции од областа на културата: Поради ситуацијата со COVID 19, сите посети на културно-историски споменици и музеи, библиотеки, театри, кино сали, ликовни колонии, филмски фестивали беа одложени. Исто така учениците учестуваа на објавените литературно-ликовни конкурси, натпревари од областа на јазичните предмети, општествените премети, природно – математички предмети и спортски натпревари од индивидуален и екипен карактер со помош на онлајн алатките за комуникација.

Институции од областа на образованието: Училиштето континуирано соработуваше со образовните институции од локалната средина, градот Скопје и пошироко. Соработката со Државниот просветен инспекторат, МОН и БРО е континуирана.

Во чекор со најновите ИКТ трендови, наставничкиот кадар се едуцира за примена на најновите ИКТ алатки во наставата преку семинари и обуки од лиценцирани фирми како СЕМОС и др. подржани од општината.

Здравствени организации: Во текот на учебната година беа предвидени стоматолошки и систематски прегледи за учениците од I-IX во Детскиот диспанзер во Карпош. Но поради пандемиските услови сите активности беа со протоколи, беа одложија .

Хуманитарни организации: Нашето училиште има постојана соработка со Црвен крст – Карпош како и Црвен крст на град Скопје при што се едуцираа учениците за хуманитарни акции, донации и превентивни предавања со цел помош на најранливите категории на луѓе.

Медиуми: Нашето училиште во континуитет се промовираше преку сајтот на училиштето и општината, преку флаери за упис на првачиња, списанието Наш свет, списанието Урбан Карпош, преку учество во телевизиски и радио емисии на многу локални и национални телевизии.

23. Следење на имплементацијата на годишната програма за работа на основното училиште

Приоритетни подрачја за следење	Начин и време на следење	Одговорно/ни лице/а	Кој треба да биде информиран за следењето
Следење на реализација на годишната програма	Во текот на учебната година	Стручна служба директор	Наставнички совет,училишен одбор,Совет на родители,ДПИ
Следење на професионалниот развој на наставниците	Полугодие ,крај година	Директор,стручна служба	Наставници
Следење на реализација на наставните часови	Во текот на учебната година	Наставници, директор служба	Наставници,ученици

24. Евалуација на годишната програма за работа на основното училиште

Евалуацијата на годишната програма се реализираше преку посета на часови, набљудување на спроведени активности, записници, дискусии и консултации.
По спроведената евалуација се направи анализа и заклучок и се дадоа препораки.

Комисија за изработка на Годишниот извештај за работа на основното училиште:

Светлана Шајноска –директор

Татјана Дончевска- педагог

Мартин Стефановски –наставник

Велимир Новески- наставник

Тимови на наставници